Službeni vesnik SR Makedonije
91001 Skopje
fah 51



СЛУЖ[БЕН ЛИСТ]
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА [ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА]

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски, словенечки, македонски, албански и унгарски јазик — Огласи според тарифата. — Жиро-сметка кај Службата на општественото книговодство 60802-603-1125

Петок, 5 септември 1975
БЕЛГРАД
БРОЈ 44 ГОД. XXXI

Цена на овој број е 24 динари. — Претплатата за 1975. година изнесува 420 динари. — Редакција: Улица Јована Ристиќа бр 1. Пошт. фах 226 — Телефони: централа 650-155: Уредништво 651-885: Служба за претплата 651-732: Комерцијален сектор 651-671; Телекс 11756

**645.**

Врз основа на член 59 од Законот за девизно работење („Службен лист на СФРЈ", бр. 36/72, 71/72, 52/73 и 36/75), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ПОСЕБНАТА ДЕВИЗНА КВОТА ЗА УВОЗ НА ОПРЕМАТА ЗА КОЈА СЕ ОБЕЗБЕДУВААТ СРЕДСТВА ОД ФОНДОТ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ЗА КРЕДИТИРАЊЕ НА ПОБРЗИОТ РАЗВОЈ НА СТОПАНСКИ НЕДОВОЛНО РАЗВИЕНИТЕ РЕПУБЛИКИ И АВТОНОМНИ ПОКРАИНИ ВО 1974 И 1975 ГОДИНА

1. Посебната девизна квота, утврдена со оваа одлука, се однесува на увозот на опрема што се плаќа во девизи што се од значење за одржување на ликвидноста во меѓународните плаќања и за која се обезбедуваат средства од Фондот на федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини.

2. Посебната девизна квота, утврдена со оваа одлука, претставува највисоки износи до кои можат да се вршат готовински плаќања во врска со увозот на опрема купена на кредит (аванси и меѓуплаќања) и за готово (во натамошниот текст: готовинска квота).

3. Посебната девизна квота за 1975 година изнесува вкупно 806,248.000 динари.

4. Посебната девизна квота од точка 3 на оваа одлука, односно готовинската квота ја распоредува Управниот одбор на Фондот на федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини според критериумот според кој на недоволно развиените републики и автономни покраини им се врши распоред на динарски средства, водејќи сметка за непосредните потреби за увозна опрема, и и се става на располагање на овластената банка што ќе ја определи републиката, односно автономната покраина.

5. Девизите за плаќање во готово според точка 4 на оваа одлука овластените банки, на кои квотите ќе им бидат распоредени, ќе ги купуваат на девизниот пазар.

6. Организацијата на здружениот труд што ја користи увезената опрема за која плаќањата во готово се извршени со девизи обезбедени според точка 5 на оваа одлука, е должна од девизите што и припаѓаат според член 39, како и од девизите што може да ги купува според член 41 од Законот за девизно работење, да продава на девизниот пазар во височина на извршените плаќања во готово, и тоа:

1) девизи користени за плаќање на опрема купена за готово — во рок од 5 години од денот на влегувањето во сила на оваа одлука;

2) девизи користени за плаќање на опрема купена на кредит (аванси и меѓуплаќања) — сразмерно на обврските по странскиот кредит и роковите за втасаност на обврските по странскиот кредит (отплати и камата).

7. За задолжување на организациите на здружениот труд, односно на овластените банки за увозот на опрема на кредит во границите на посебната девизна квота според оваа одлука, како и за гаранциите што овластените банки ги даваат за кредитни работи со странство за увоз на опрема во границите на посебната девизна квота според оваа одлука, организациите на здружениот труд, односно овластените банки не се должни да држат кај Народната банка на Југославија депозити во динари предвидени со Одлуката за височината на депозитот при увозот на опрема од странство на кредит („Службен лист на СФРЈ", бр. 22/72).

8. Народната банка на Југославија дава упатство за начинот на поднесување барања за купување на девизи, за водењето на евиденција и за извештаите што корисниците на квотите и овластената банка се должни да ги доставуваат до Народната банка на Југославија, народната банка на републиката, односно до народната банка на автономната покраина во врска со користењето на квотата и со обврската за продавање на девизи на девизниот пазар.

9. Девизите од посебната девизна квота, утврдена со оваа одлука а непотрошени во 1975 година, можат да се користат до крајот на 1976 година.

10. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 614
11 јули 1975 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Џемал Биедиќ, с. р.

**646.**

Врз основа на член 59 од Законот за девизно работење („Службен лист на СФРЈ", бр. 36/72, 71/72, 52/73 и 36/75), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПОСЕБНАТА ДЕВИЗНА КВОТА ЗА УВОЗ НА ОПРЕМАТА ЗА КОЈА СЕ ОБЕЗБЕДУВААТ СРЕДСТВА ОД ФОНДОТ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ЗА КРЕДИТИРАЊЕ НА ПОБРЗИОТ РАЗВОЈ НА СТОПАНСКИ НЕДОВОЛНО РАЗВИЕНИТЕ РЕПУБЛИКИ И АВТОНОМНИ ПОКРАИНИ ВО 1973 ГОДИНА

1. Во Одлуката за посебната девизна квота за увоз на опремата за која се обезбедуваат средства од Фондот на федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини во 1973 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 42/73), по точка 6 се додава нова точка 6а, која гласи:

„6а. Организациите на здружениот труд од територијата на Социјалистичка Автономна Покраина Косово што не можат да ги извршат своите обврски според одредбата на точка 6 од оваа одлука, можат износот на девизите потребен за намирување на втасаните обврски слободно да го купуваат на девизниот пазар."

2. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 613
12 јули 1975 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Џемал Биедиќ,** с. р.

**647.**

Врз основа на член 28 точ. 3, 6 и 7, член 30 став 5 и член 31 од Царинскиот закон („Службен лист на СФРЈ", бр. 22/73 и 28/75), сојузниот секретар за финансии пропишува

# ПРАВИЛНИК

## ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА УСЛОВИТЕ И ПОСТАПКАТА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ НА ЦАРИНА

Член 1

Во Правилникот за условите и постапката за остварување на правото на ослободување од плаќање на царина („Службен лист на СФРЈ", бр. 42/73, 3/74 и 16/74) во член 10 точка 1 во одредбите под б) и в) на крајот на текстот се додаваат запирка и зборовите: „освен ако е во прашање увоз на вино за меѓународни саеми на вино".

Член 2

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 3-8321/1
28 август 1975 година
Белград

Сојузен секретар
за финансии,
**Момчило Цемовиќ,** с. р.

**648.**

Врз основа на член 216 став 1 и член 217 од Законот за воздушната пловидба („Службен лист на СФРЈ", бр. 33/73), директорот на Сојузната управа за цивилна воздушна пловидба издава

# НАРЕДБА

## ЗА ЗНАЦИТЕ НА ДРЖАВНАТА ПРИПАДНОСТ, ЗА ОЗНАКИТЕ НА РЕГИСТРАЦИЈАТА И ЗА ДРУГИТЕ ОЗНАКИ НА ВОЗДУХОПЛОВИТЕ

1. Домашниот воздухоплов запишан во регистарот на воздухопловите мора да биде обележен со знаци на државната припадност и со ознаки на регистрацијата.

2. Знаци на државната припадност се знамето на СФРЈ и ознаката „YU". Ознаката „YU' се одвојува со црта од ознаката на регистрацијата и се става пред неа.

3. Ознаките на регистрацијата можат да бидат комбинации на букви или комбинации на броеви, и тоа:

1) комбинација на три букви од абецеда, со која се означува воздухоплов со сопствен погон, при што не можат да се употребуваат ознаки што имаат друго значење во воздушниот сообраќај;

2) комбинација на четири броја, со која се означува воздухоплов без сопствен погон.

4. Ако воздухопловот е опремен со радиостаница, ознаката „YU" и ознаките на регистрацијата на воздухопловот се и знак за идентификација на радиостаницата во воздухопловот.

5. Покрај знаците на државната припадност и ознаките на регистрацијата од точка 1 на оваа наредба, воздухопловите можат да бидат обележени и со ознаки на носителот на правото на користење, односно на сопственикот на воздухопловот и со ознаки на службата што ја вршат.

Носителот на правото на користење, односно сопственикот на воздухопловот ги определува површините на воздухопловот врз кои ознаките од став 1 на оваа точка ќе бидат испишани и го обележува воздухопловот со тие ознаки, по прибавената согласност од Сојузната управа за цивилна воздушна пловидба.

6. Знаците на државната припадност и ознаките на регистрацијата на воздухопловот се ставаат на видно место на воздухопловот.

Ознаката „YU" и ознаките на регистрацијата на воздухопловот се испишуваат со боја што битно се разликува од бојата на воздухопловот.

Ознаките од став 2 на оваа точка мораат да се одржуваат на таков начин што секогаш да бидат читливи.

7. На воздухоплов потежок од воздухот знамето на СФРЈ се става на долната површина на вертикалниот стабилизатор, а на воздухоплов што нема вертикален стабилизатор — на задниот дел на трупот.

Ознаката „YU" и ознаките на регистрацијата на воздухоплов потежок од воздухот се ставаат на карактеристичните делови на воздухопловот, и тоа:

1) на левата половина од долната неподвижна површина на крилата на еднаква оддалеченост од нападниот раб и излезниот раб така што широчината и должината на ознаките да не ја исполнат целата долна површина на крилата;

2) на обете страни на трупот, односно на соодветните делови на воздухопловот помеѓу крилата и опашкините површини;

3) на обете надворешни страни на горните половини на вертикалните опашкини површини.

Ако воздухопловот не поседува некој дел од став 2 на оваа точка, ознаката „YU" и ознаките на регистрацијата се ставаат на погодни површини така што да бидат лесно читливи.

8. На воздухоплов полесен од воздухот знамето на СФРЈ се става под максималниот хоризонтален пресек на дијаметрално спротивните страни.

Ознаката „YU" и ознаките на регистрацијата на воздухоплов полесен од воздухот мораат да се ставаат така што да бидат видливи и од воздух и од земја.

На воздушните бродови ознаката „YU" и ознаките на регистрацијата се ставаат по должината на површината над надолжната оска од секоја страна на трупот, или на хоризонталниот и вертикалниот стабилизатор. На хоризонталниот стабилизатор ознаките се ставаат на десната половина од горната и на левата половина од долната површина, со врвот на буквите и броевите спрема нападниот раб, а на вертикалниот стабилизатор — на секоја страна на половината од подножјето на стабилизаторот, со буквите и броевите поставени хоризонтално.

На тркалезни балони ознаките се ставаат на две дијаметрално спротивни места, близу максималниот хоризонтален пресек на балонот.

На балоните што не се тркалезни ознаките се ставаат на две дијаметрално спротивни места, близу максималниот напречен пресек на балонот, по надолжната сврзна лента, непосредно над неа, или над приклучокот за обесување на кошница.

9. Димензиите на знамето на СФРЈ со кое се обележуваат воздухоплови потешки од воздухот што вршат јавен превоз во воздушниот сообраќај и воздухоплови полесни од воздухот изнесуваат најмалку 60 x 30 cm.

Димензиите на знамето на СФРЈ за сите други видови воздухоплови изнесуваат најмалку 36 x 18 cm.

10. Ознаката „YU" и ознаките на регистрацијата на воздухопловот мораат да бидат од исти димензии.

Височината на ознаката „YU" и на ознаките на регистрацијата на воздухоплови полесни од воздухот не може да биде помала од 50 cm.

Височината на ознаката „YU" и на ознаките на регистрацијата на воздухоплови потешки од воздухот не може да биде помала од 50 cm — за ознаките на крилата на воздухоплов, односно не може да биде помала од 30 cm — за ознаките на трупот, односно на соодветните делови на воздухоплов и на вертикалните опашкини површини.

Ако воздухоплов не поседува дел од став 3 на оваа точка, височината на ознаките мора да биде таква што воздухопловот да може лесно да се идентифицира во воздухот.

11. Ознаката „YU" и ознаките на регистрацијата на воздухопловот се испишуваат со латиница, со големи букви во облик на „роман" и без украси, а цифарскиот дел на ознаката на регистрацијата — со арапски броеви.

Широчината на секоја буква и број, освен буквата „I" и бројот „1", како и должината на цртите, изнесуваат 2/3 од височината на ознаката.

Буквите, броевите и цртите мораат да бидат испишани со полна линија. Дебелината на линиите изнесува 1/6 од височината на ознаката.

Буквите, броевите и цртите мораат да бидат меѓусебно одвоени за најмалку 1/4 од широчината на ознаката.

12. Воздухопловот мора да има плочка за идентификација, и тоа:

1) воздухоплов потежок од воздухот — плочка за идентификација што се поставува на видно место покрај главниот влез во воздухопловот;

2) воздухоплов полесен од воздухот — плочка за идентификација што се поставува на внатрешната страна од кошницата, односно на место заштитено од удар.

13. Плочката за идентификација мора да биде изработена од огноотпорен материјал, односно од материјал отпорен на механички оштетувања и на неа мораат да се наоѓаат знаците на државната припадност и ознаките на регистрацијата на воздухопловот.

14. Со парична казна од 2.000 до 10.000 динари ќе се казни за воздухопловен прекршок носителот на правото на користење, односно сопственикот на воздухопловот:

1) ако за воздушна пловидба користи воздухоплов што нема знаци на државната припадност и ознаки на регистрацијата (точка 1);

2) ако воздухоплов обележи со свои ознаки, а за тоа претходно не прибави согласност од Сојузната управа за цивилна воздушна пловидба (точка 5 став 2);

3) ако знаците на државната припадност и ознаките на регистрацијата на воздухопловот не ги одржува на начинот определен во точка 6 од оваа наредба;

4) ако воздухоплов обележи со знаци на државната припадност и со ознаки на регистрацијата спротивно на одредбите од точ. 7 до 10 на оваа наредба;

5) ако на воздухоплов не постави плочка за идентификација или ја постави спротивно на одредбите од точ. 12 и 13 на оваа наредба.

За прекршокот од став 1 на оваа точка ќе се казни со парична казна од 500 до 2.000 динари и капетанот на воздухопловот и друго одговорно лице во организацијата на здружениот труд или во друга организација или во друго правно лице.

15. Носителите на правото на користење и сопствениците на воздухоплови ќе ги усогласат знаците на државната припадност и ознаките на регистрацијата на воздухопловите со одредбите на оваа наредба во рок од 90 дена од денот на влегувањето во сила на оваа наредба.

16. Со денот на влегувањето во сила на оваа наредба престанува да важи Наредбата за знаците на државната припадност, ознаките на регистрацијата и за другите ознаки на воздухопловите („Службен лист на СФРЈ", бр. 52/65).

17. Оваа наредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 3142/1
29 август 1975 година
Белград

Директор
на Сојузната управа за
цивилна воздушна
пловидба,
**Љубиша Кургус**, с. р.

---

**649.**

Врз основа на член 15 став 1 од Законот за југословенските стандарди и за нормите на квалитетот на производите („Службен лист на СФРЈ", бр. 2/74), директорот на Југословенскиот завод за стандардизација донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИОТ СТАНДАРД ОД ОБЛАСТА НА ГРАДЕЖНИШТВОТО

1. Се донесува југословенскиот стандард:

Битумен за коловози. Услови на квалитетот — — — — — — — JUS U.M3.010

2. Југословенскиот стандард од точка 1 на ова решение е објавен во посебно издание на Југословенскиот завод за стандардизација, што е составен дел на ова решение.

3. Југословенскиот стандард од точка 1 на ова решение е задолжителен и влегува во сила на 1 октомври 1975 година.

4. Престанува да важи југословенскиот стандард:

Битумен за коловозни постилки JUS U.M3.010 донесен со Решението за југословенските стандарди од областа на градежништвото („Службен лист на СФРЈ", бр. 29/65).

5. Југословенскиот стандард од точка 4 на ова решение престанува да важи на 30 септември 1975 година.

Бр. 17-6222/1
10 јули 1975 година
Белград

Директор
на Југословенскиот завод
за стандардизација,
**Милан Крајновиќ**, с. р.

# ОДЛИКУВАЊА

## УКАЗ

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на член 337 точка 4 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и член 4 од Законот за одликувањата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија одлучува да се одликуваат:

— за успешна работа во изградбата на Термоелектраната Пломин во Социјалистичка Федеративна Република Југославија

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Konopko Ludviga Zbigniew;

СО МЕДАЛ НА ТРУДОТ

Dzielendžiak Wladislaw Czeslaw.

Бр. 38
26 март 1975 година
Белград

Претседател
на Републиката,
**Јосип Броз Тито**, с. р.

---

## УКАЗ

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на член 337 точка 4 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и член 4 од Законот за одликувањата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија одлучува да се одликуваат:

Од сојузните органи и организации

— за особени заслуги за развој на библиотекарството и значаен придонес во ширењето на просветата и културата, а по повод дваесет и петгодишнината на работата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО ЗЛАТНА ЅВЕЗДА

Сојузот на друштвата на библиотекарите на Југославија;

—по повод триесетгодишнината на излегувањето, а за особени заслуги во информирањето и развивањето на класната свест на работниците и поттикнување на активноста на синдикалните организации, како и за значаен придонес за ширењето на братството и единството

СО ОРДЕН БРАТСТВО И ЕДИНСТВО СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

„Рад“ весник на Сојузот на синдикатите на Југославија;

— за особени заслуги на полето на јавната дејност со која се придонесува за општиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Јанић Славка Тихомир, Маловић Боже Јосип;

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичката изградба на земјата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО ЗЛАТНА ЅВЕЗДА

Бркић Марка др Милан, Црногорчевић Душана Јово, Кантарџиски Ванев Димо, Перовић Луке др Мирко, Перовић Ђуре Никола, Радовић Радосава Милош, Раичевић Радоје Радош, Станковић Димитрија Никола, Вуксановић Станише Владислав;

— за особени заслуги во ширењето на братството меѓу нашите народи и народности, како и во создавањето и развивањето на политичкото и моралното единство на земјата

СО ОРДЕН БРАТСТВО И ЕДИНСТВО СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Ђукановић Јована д-р Војислав, Милошев Живана Спасоје;

—за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЦРВЕНО ЗНАМЕ

Артнак Јоже Франце, Бабић Милана Стеван, Беле Ивана др Иван, Дилпарић Мојсила Милоје, Хумар Рудолфа Јожко, Ивановић Крсте Милорад, Кнежевић Николе Војислав, Костањевец Јанеза Богомир, Костић Јевте др Никола, Лазаров Васила Тома, Личеноски Спире Борислав, Ловрић Милана Јован, Мађар Јанка Јосип, Марушић Антона Бењамин, Милошевић Јанка Новица, Мирица Мустафе Мухамед, Мировски Коце Љупчо, Рашић Дамњана Синиша, Симић Владимира Душан, Вучковић Блаже Драгутин, Вујовић Крсте Михаило;

— за особени заслуги на полето на јавната дејност со која се придонесува за општиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Козарчанин Сулејмана Хакија, Краус Богомира д-р Божидар;

—за особени заслуги во ширењето на братството меѓу нашите народи и народности, како и во создавањето и развивањето на политичкото и моралното единство на земјата

СО ОРДЕН БРАТСТВО И ЕДИНСТВО СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Студин Јакова Јосип;

Од СР Босна и Херцеговина

— за особени заслуги на полето на информативната дејност и значаен придонес во изградбата на социјализмот и на социјалистичките самоуправни односи, а по повод триесетгодишнината на дејствувањето на Радио Сараево

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО ЗЛАТНА ЅВЕЗДА

Радио-телевизијата Сараево;

— по повод педесетгодишнината од постоењето, а за особени заслуги и успеси во стручното образование на кадрите за потребите на стопанството

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНИ ЗРАЦИ

Школата со практична обука „Осман Малкић Мага“ — Бања Лука;

— по повод шеесетгодишнината од постоењето, а за заслуги во заштита и спасување на човечки животи, општествениот и личен имот со што е сторен значаен придонес за социјалистичката заедница

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНА ЅВЕЗДА

Индустриската противпожарна чета на рудникот Бреза;

— за заслуги и успеси во развивањето на планинарството и скијачкиот спорт и за негување на традициите на НОБ, а по повод дваесет и петгодишнината на работата

Планинарското скијачко друштво „Вилинац" Јабланица;

— по повод педесетгодишнината од постоењето, а за заслуги и успеси во стручното образование на земјоделските кадри

Земјоделско-технолошкиот школски центар — Бања Лука;

— по повод шеесетгодишнината на животот, а за особени заслуги во изградбата на земјата, за развивањето и јакнењето на свеста на граѓаните во борбата за слободата и независноста на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, како и за придонес за нејзината политика на мирот и пријателската соработка со други држави

СО ОРДЕН НА ЈУГОСЛОВЕНСКОТО ЗНАМЕ СО ЛЕНТА

Омановиќ Смаила Хамдија;

— за особени заслуги на полето на јавната дејност со која се придонесува за општиот непредок на земјата

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Новак Фрање Франц, Шатор Зулфе Ибрахим;

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичката изградба на земјата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО ЗЛАТНА ЅВЕЗДА

Босниќ Пере Милан, Гајиќ Илије Милорад, Јотиќ Милана Коста, Симиќ Тодора Часлав;

— за особени заслуги во ширењето на братството меѓу нашите народи и народности, како и во создавањето и развивањето на политичкото и моралното единство на земјата

СО ОРДЕН БРАТСТВО И ЕДИНСТВО СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Дерoња Алије Нусрет;

— за особени заслуги и пости[illegible] во работата од значење за напредокот на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЦРВЕНО ЗНАМЕ

Џумхур Абида Асим, Хаџиабдиќ Салиха Мехо;

— за особени заслуги на полето на јавната дејност со која се придонесува за општиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Хрњез Милана Миленко;

Од СР Црна Гора

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичката изградба на земјата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО ЗЛАТНА ЅВЕЗДА

Ђуровиќ Радула Ратко;

Од СР Словенија

— за освојување на врвот Кангбачена на Хималаите, што претставува извонреден алпинистички подвиг и значаен придонес за угледот на југословенскот спорт во светот

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО ЗЛАТНА ЅВЕЗДА

Петта југословенска алпинистичка хималајска експедиција;

— за долгогодишно успешно создавање услови за научната и културно-просветната работа и значаен придонес за развојот на библиотекарството

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНИ ЗРАЦИ

Високошколска и студиска библиотека — Марибор;

— за долгогодишна работа и особени успеси во музеолошката дејност, со што е сторен значаен придонес за културното издигање на работните луѓе

Покраинскиот музеј — Марибор;

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичката изградба на земјата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО ЗЛАТНА ЅВЕЗДА

Кирн Јожета Виктор, Крефт Ивана др Братко Лах-Јерина др Павла

— за особени заслуги во ширењето на братството меѓу нашите народи и народности, како и во создавањето и развивањето на политичкото и моралното единство на земјата

СО ОРДЕН БРАТСТВО И ЕДИНСТВО СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Шлибар Јосипа Мартин;

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЦРВЕНО ЗНАМЕ

Гашпершич Франца Габријел, Мајцен Александра Наце, Петернел Франца Антон, Шкерлавај Јосипа Милан, Врбич Јоже Јуле;

— за особени заслуги на полето на јавната дејност со која се придонесува за општиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Абрам Рожена Марио, Мастнак Мартина Мартин, Селигер Августа Драго;

Од СР Србија

— за долгогодишна работа и особени заслуги во основното образование и воспитување на младите за корисни членови на општеството и за придонес за ширење на просветата и културата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СӨ ЗЛАТНА ЅВЕЗДА

Основното училиште „Партизански борац" — — Друговац

— по повод триесетгодишнината на трудот, а за особени заслуги и успеси во воспитувањето и образованието на децата од предучилишна возраст

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНИ ЗРАЦИ

Детската градинка „Лептириќ" — Белград;

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за стопанскиот напредок на земјата, а по повод дваесет и петгодишнината на работата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

ООЗТ на фабриката за експлозиви и пиротехника — Крушевац;

— за особени заслуги на полето на јавната дејност со која се придонесува на општиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Бојанић Марка Владан, Ђорђевић Свете др Јован, Мариновић Васе Даница;

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичката изградба на земјата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО ЗЛАТНА ЅВЕЗДА

Ђукић Арсе Милутин, Гавриловиќ Николе Милорад, Крстић Ђорђа Светозар, Стјепановић Стјепа др Никола, Стојановић Стојана Миленко, Томић Живана Љубомирка;

— за особени заслуги во ширењето на братството меѓу нашите народи и народности, како и во создавањето и развивањето на политичкото и моралното единство на земјата

СО ОРДЕН БРАТСТВО И ЕДИНСТВО СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Мусић Амира Рамо;

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЦРВЕНО ЗНАМЕ

Булајић Мирка Радован, Драгојловић Марка Лука, Ђорђевић Петра Никола, Ђурић Саве Драгоје, Филиповић Ђура Богдан, Глигоријевић Тројана Благоје, Јанићијевић Живојина Милутин, Јевтић Живана Љубомир, Јовановић Чедомира Радомир, Лучић Михајла Ратимир, Лукић Цветина Драгутин, Матковић Шиме др Јожеф, Меховић Ејуба Харун, Михаиловић Милана Милован, Милаковић Лазара Душан, Никодијевић Светомира Богољуб, Петровић Обрада Велизар, Радошевић Јована Слободан, Сератлић Мирка Миливоје, Симић Милана Драгиша, Трајковић Косте др Јосиф, Влајковић Михаила Живорад;

— за особени заслуги на полето на јавната дејност со која се придонесува за општиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Дајић Петра Милан, Гладовић Милорада Живко, Јевремовић-Павловић Милана Надежда, Јовановић Драгомира Сретен, Леви Исака Александар, Маргетић Јосипа Јозефина, Радић Петра Миодраг, Стевовић Раде Миодраг, Трифуновић Трифуна Миодраг;

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичката изградба на земјата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНИ ЗРАЦИ

Свијовић Велимира Обрад;

Од САП Косово

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЦРВЕНО ЗНАМЕ

Симић Чедомира Веселин.

Бр. 40
2 април 1975 година
Белград

Претседател
на Републиката,
**Јосип Броз Тито**, с. р

---

**УКАЗ**

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на член 337 точка 4 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и член 4 од Законот за одликувањата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија одлучува да се одликува

— по повод шеесетгодишнината на животот и долгогодишната револуционерна работа, а за исклучителни заслуги во Народноослободителната борба и значаен придонес во изградбата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија

СО ОРДЕН НА НАРОДНОТО ОСЛОБОДУВАЊЕ

Шиљеговић Благоја Бошко.

Бр. 41
2 април 1975 година
Белград

Претседател
на Републиката,
**Јосип Броз Тито, с. р.**

## У К А З

### ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на член 337 точка 4 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и член 4 од Законот за одликувањата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија одлучува да се одликуваат:

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичката изградба на земјата

### СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНИ ЗРАЦИ

Акшамија Јакуба Алија, Милошевић Јове Спасоје, Мимић Алексе Стево, Рацковић Љубисава Слободан, Сворцан Петра Вукашин;

— за особени заслуги во ширењето на братството меѓу нашите народи и народности, како и во создавањето и развивањето на политичкото и моралното единство на земјата

### СО ОРДЕН БРАТСТВО И ЕДИНСТВО СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Бањ Владимира Гојко, Бановић Милана Вељко, Беќирспахић Салиха Беќо. Денда Илије Јанко, Карабег Деде Аго, Крајина Хасана Фехим, Максимовић Јове Војислав, Мрђен Илије Ђоко, Овчина Халида Салко, Залецки Фрање Александар;

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

### СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Алексић Ристе Богдан, Аликадић Омера Мухамед, Авлијаш Максима Божидар, Бајовић Владимира Душан, Бајрић Сулејмана Хасан, Батар Симе Милан, Бјелица Николе Андрија, Босниќ Богдана Душан, Бубоњић-Вулин Васкрсије Гордана, Булић Спасоје Саво, Црвелин Мате Роко, Цветковић Томе Милутин, Цвијетић Војина Бошко, Ћапин Светозара Душан, Ћирковић Јордана Владан, Ћук Марка Стево, Дабић Богдана Влатко, Дедић Ивана Рафо, Додик Тривуна Загорка, Драганић Неђе Милован, Драгичевић Милоша Јово, Дука Панте Лазар, Дунђер Ђоке Милован, Ђикић Ахмета Абдулах, Ђурић Ђуре Славко, Фраште Мушана Рамиз, Говедарица Ђорђа Мирко, Грубелић Миленка Максимилијан, Гузин Мухамеда Ибрахим, Халилхоџић Омера Нијаз, Ицотић-Јефтић Митра Стака, Јањетовић Мирка Душан. Јеловац Милована Велимир, Капиџић Хасаџа Мехмед, Касумачић Ризвана Салко, Кашиковић Пере Илија, Катавић Тадије Срећко, Косовски Томаса Бранислав. Кошарић Хусе Омер, Ковачевић Несиба Хусејина, Ковачевић Тодора Трипо, Ковачевић Данила Владимир, Коврлија Николе Стево, Крехиц Халила Изет;

Лекић Остоје Перо, Леко Јакова Славко, Љубовић Хасана Абдулах, Мариновић Јозе Иван, Маркић Анте Миле, Марковић Бијелка, Илија Маслек-Кривгаја Јосипа Јованка. Мердић Суље Абдулах, Мићић Миће Божидар, Милићевић Михајла Саво, Милојевић Марка Мићо, Милошевић Југа Милош, Миловчевић Неђе Милован, Мрђа Илије Милан, Мудреша Луке Љубо, Нанут Јосипа Карло, Никић Јерка Аугустин, Пашић Ћамила Сеад, Пецељ Шћепана Јово, Перван Суље Сајто, Петровић Ђорђа Драго, Попадић Гаје Никола, Радуловић Тодора Жарко, Раичковић Ристе Радомир, Салихбеговић Заима Химзо, Седлар Јосипа Бранко, Скиба Васе Тодор, Слијепчевић Самуила Драги, Станишић Михајла Милош, Станишић Владимира Војислав, Стијаковић Ђуре Живко, Шаула Марка Маријан, Шкундрић Јована Петар, Тадић Лазара Драган, Тешић Јове Лазар, Тодоровић Ћетка инг. Драго, Томановић Васиљ Милош, Трбовић Раде Петар, Трифуновић Ђурђа Лазо, Турањанин Вељка Борислав, Турањанин Лазе Бранко, Вучинић Радована Милан, Вујовић Саве Милорад, Зотовић Крсте Михајло, Зриле Стипе Тихомир;

— за особени заслуги во развивањето и реализирањето на концепцијата на општонародната одбрана и за успеси во издигањето на воено-стручното знаење и борбената готовност на нашите граѓани

### СО ОРДЕН ЗА ВОЕНИ ЗАСЛУГИ СО ЗЛАТНИ МЕЧЕВИ

Алибеговић Ибрахима Ахмет, Бијељац Стеве Крсто, Буцало Николе Душан, Гацко Мехмеда Хазим, Исаковић Алије Садик, Милојевић Марка Мићо, Милошевић Андрије Милорад, Мирић Бошка Владислав, Носић Тонке Иван, Орељ Томе Томо, Радаковић Петра Никола, Станић Нике Јозо, Ступар Крстана Васкрсије;

— за заслуги на полето на јавната дејност со која се придонесува за општиот напредок на земјата

### СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО БРОНЗЕН ВЕНЕЦ

Јапунџа Симе Божо;

— за заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичката изградба на земјата

### СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНА ЅВЕЗДА

Анђелић Ђорђа Светозар, Арнаутовић Алије Мустафа, Бабић Стојана Миливоје, Берберац Салке Авдо, Божић Цвијетина Перо, Бубрић Мустафе Месуд, Цвијић Ђоке Мико, Делалић Омера Мухамедалија, Дерајић Станка Ристо, Дероња Алије Мехмед, Гацкић Јусуфа Едхем, Гирт Егона Егвин, Хајро-Звиздић Халила Хатиџа, Хасагић Алије Зијах, Хукелић Шаћира Салих, Иванишевић Доброслава Ненад, Јањић Николе Љубо, Јевђенић Миливоја Видосав, Јусуфовић Исмаила Ибрахим, Калаковић Ђафира Ђулага, Капетановић Хашима Махмут, Корене Јосипа Звонко, Ковач Милорада Милан, Краљачић Светозара Томислав, Краваревић Абида Рамиз, Кулић Мухамеда Ешреф;

Лакушић Ђуре др Радомир, Марић Стјепана Стјепан, Мехић Авде Јакуб, Микшић-Огњен Владимира др Соња, Миличевић Нике др Владимир, Мулалић Мехмеда Хакија, Невачиновић Халила Мујо, Нухбеговић Паше Асим, Нухић-Туфекчић Османа Злата, Нушиновић Мује Вејсил, Обрадовић Халила Ахмет, Папо Менахема Алби, Пастуховић Стјепана Фрањо, Попадић Обрада Живојин. Приморац Петра Рафаел, Радић Раде Анка, Рисојевић Марка Мира, Самарџић Митра Бранко, Слинић Мухамеда Сеид, Смајиш Ахмеда Енвер, Срабовић Селима Омер, Сусак Омера Ариф, Шкондрић Илије Боја, Шокчевић-Којиновић Деса, Шремпф Фрање Јосип, Тихић Мехе Мурадиф. Володер Бечира Мухамед, Вукић-Сушац Ивана Даница;

Мије Гојко, Владавић Мехе Осман, Володер Омера Расим, Вучковић Симе Жарко, Вујица Марка Габријел, Вујић Глигора Радивоје, Вујовић Николе Бранко, Вујовић Саве Душан, Вукајловић Илије Милош, Вукоје Јозо Мишо, Вукоје Божа Никола, Вукојевић Михајла Славко, Вуковић Ђуре Крсто, Вуковић Михајла Љубо, Зебић Захира Адил, Зекић Димитрије Драго, Зимић Мехмеда Едхем, Живановић Васе Божо, Жугић Исака Миливоје, Жугић Миливоја Петар;

— за заслуги во развивањето и реализирањето на концепцијата на општонародната одбрана и за успеси во издигањето на воено-стручното знаење и борбената готовност на нашите граѓани

СО ОРДЕН ЗА ВОЕНИ ЗАСЛУГИ СО СРЕБРЕНИ МЕЧЕВИ

Алицановић Суље Осман, Арежина Јове Миленко, Азабагић Мустафе Омер, Балић Мије Миљенко, Батинић-Остоје Станко, Бјеговић-Кецман Блаже Мара, Белановић Драге Радослав, Бозалија Бајре Мехмед, Бркић Осте Милан, Чагаљ Ахмета Мујо, Чолић Васе Гојко, Ћук Обрада Александар, Дамацић Сулејмана Абдулкадир, Делић Хашима Муневер, Ђилас Марка Којо, Ђурашиновић Илије Миле, Фабијанц Јосипа Зденко, Ферхадбеговић Химзе Расим, Фрањић Ибрахима Мира, Гудураш Ђорђе Рајко, Хоџић Мехмеда Мехмед, Ивковић Симке Цвијан, Изгаревић Марка Владимир, Јефтић Миливоја Здравко, Јовановић Тимотија Мирослав, Јовичић Аћима Светко, Калинић Николе Душан, Карахоџић Сабита Хамза, Кнежевић Матије Мићо, Кратовић Хасана Мухамед, Кравић Суље Ћамил, Крешић Стјепана Мијо;

Логић Мустафе Надир, Лутвикадић Наила Мустафа, Матошин Јерке Пашко, Милачић Верише Грујица, Милуновић Остоје Милутин, Муратагић Мустафе Јусуф, Омерагић Мазе Авдо, Остојић Николе Петар, Пајић Митра Паво, Павловић Драгољуба Миодраг, Павловић Паје Станко, Попадић Крсте Благоје, Радан Пере Јован, Ребац Мате Винко, Сарихоџић Ибрахима Авдо, Савковић Филипа Душан, Селић Панте Бошко, Селимовић Мехе Алија, Смаилефендић Мухамеда Халид, Смаилхоџић Салке Мехмед, Смајић Ахмета Рамо, Смајиловић Алије Рамиз, Шаћировић Селиха Дедо, Шпирић Благоја Момчило, Табаковић Тодора Милош, Тодоровић Милоша Страхиња, Томић Момчила Душан, Трбоња Решада Ариф, Тубин Војина Раде, Васић Митра Илија, Вицо Јована-Миле, Владушић Благоја Ранко, Вукмировић Лазара Миодраг, Захировић Рамиза Хамид, Зонић Суље Бегто, Живковић Стојана Владо;

— за залагање во социјалистичката изградба на земјата

СО МЕДАЛ ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД

Арнаутовић Авдије Саћир, Бећовић Обрена Љепосава, Бјелан Мехе Хамида, Богдановић Ђорђе Миленко, Ђого Ристе Бранко, Хоџић Сарије Хамдија, Икановић Сулејмана Абдулах, Јовић Пере Обрад, Круљ Вукана Даринка, Круљ Илије Милорад, Лазић Петра Бошко, Марић-Мичија Симе Ружица, Мићић Видоја Чедо, Миливојевић Живана Радо, Николић-Чопица Миодрага Надежда, Слинић-Козоморић Милана Вера, Шахбеговић Суље Хамдија, Шкорић Ристе Душан, Шућур-Росић Бошка Загорка, Пинтер Стеве Никола, Валентић-Микић Љубомира Нада, Вићић Цвијана Милорад, Вуковић Јанка Љубан, Зарић-Васелић Драге Кристина;

— за залагање и постигнати успеси во работата

СО МЕДАЛ НА ТРУДОТ

Аџамија Салка Шабан, Агић Хасана Ахмет, Алибеговић Ахмета Екрем, Бабић Фрање Жарко, Бајчетић Обрада Ратко, Бајчетић Радована Славко, Барић-Луковић Душка Миломирка, Бегановић Реџе Есад, Беговић Салиха Осман, Бекавец Андрије Јозо, Берберовић Халила Алија, Богдановић Павла Деспот, Богдановић Лазе Ђорђо, Богићевић Обрена Милан, Бојанић Васе Ратибор, Бонић Јозе Драгутин, Борас Дане Маријан, Бозало Николе Петар, Бучевац Душана Јово, Буквић Максима Данило, Цветковић Боривоје Љиљана, Чевра Ибре Хасан, Чустовић Буше Зичрија, Ћук Илије Перо, Делић-Вишњевац Стевана Загорка, Дујаковић Раде Ранко, Дувњак Ахмета Мустафа, Ђонлић-Ковачевић Петра Љерка, Ђулић Хусе Салко, Ђурица Лазара Лука, Ђурић Алексе Рајко, Ђурковић-Вуксановић Алексе Стојка, Фазлић Салиха Мухамед, Форто Ејуба Неџиб, Гајић Вида Милош, Глигоревић Јована Обрад, Гњатић Немње Радмило, Греховац Гојка Бранко, Грануло Салке Химзо, Гргић Пере Твртко, Гушић Мује Хасан;

Хаџимешић Асима Мидхат, Халиловић Мухамеда Сејфудин, Хамовић Милана Здравко, Хидановић Мује Ћамил, Хиндић Бећира Алија, Ходак Стјепана Милан, Хоџић Ибре Мујо, Хусић Грахе Мује, Илић Благоја Живојин, Имеровић Смаила Омер, Јагањац Халила Кахро, Јакуповић-Муштовић Заима Шаћира, Јандрић Шпире Коста, Јањић Тодора Анђелко, Кадић Мује Ахмет, Кадрић Ибре Мујо, Кајан Ахмеда Смајо, Капиџић Авде Смајо, Карабеговић Шерифа Заим, Каришик Спасоје Данило, Казић Малаге Ариф, Кљајић Тоде Рајко, Кошарић Јусуфа Енес Козић Душана Данило, Козић Рајка Жарко, Козјак Нeђе Рајка, Кожо Латифа Назиф, Крајшумовић Васе Нико, Крњевић Гојка Милорад, Крсмановић Владимира Јован, Крунић Илије Гајо, Кумрић Мује Ибрахим, Кундачина Борише Миладин, Купљугић Абдурахмана Абдурахим, Лепо Андрије Вељко, Лубурић Николе Бранко, Лучић Ивана Влатко, Лукић Милана Милош;

Максимовић Митра Илија, Мандић Максима Миленко, Марић-Режић Боже Ката, Марковић Љубоја Алекса, Машић Осме Хакија, Матић Радисава Слободан, Медан Данила Лазо, Механовић Атифа Хамид, Мекић Мује Јусуф, Мекић Мехе Сеад, Мијатовић Гојка Здравко, Милошевић Петра Никола, Миовчић Обрена Млађен, Мухаремовић Адема Мустафа, Мујић Шећана Зекир, Накичевић Садије Шевко, Нинић Пере Драгомир, Новаковић Које Душан, Омановић Салке Мухамед, Омановић Адема Сафет, Омербеговић Захида Суљо, Орић Мехе Мехмед, Овчина Ћамила Рефик, Пајић Асима Бесим, Павловић Остоје Перо, Пецељ Шћепана Вељко, Пејанић Василије Чедомир, Пешут Аћима Богољуб, Пешут Јове Божо, Пешут Јована Јован, Пешут Илије Саво, Пешут Данила Симо, Пешут Данила Слободан, Пижула Илије Нада, Планић Ибрахима Алмаз, Поповић Тодора Недељко, Прањковић Стипе Анто, Прце Мирка Винко; Прело Милана Никола, Премиловац Мехе Омер;

Радмановић Ђурађа Гојко, Радмиловић Перке Богдан, Радмиловић Шпире Добрана, Радмиловић Шпире Гојко, Радојчић Алексе Славко, Рајић Крсмана Ђорђе, Ракић Момчила Љубо, Ритан Станоје

Душан, Рудан Воислава Борислав, Рудан Николе Момчило, Сахачић Салиха Рифат, Салаварда Марка Жарко, Салиховић Салиха Енез, Салиховић Осме Шевко, Салкановић Осме Нурија, Самарџић Душана Јела, Самарџија Реље Милан, Селимовић-Нашић Мустафе Емина, Селманагић Алије Хасан, Синановић Мустафе Расим, Скендер Арифа Ахмед, Скочајић Обрада Петар, Слепчевић Душка Боривоје, Слијепчевић Михајла Миленко, Спахић Ахмеда Шаћир, Спајић Синише-Радоје, Стајчић Николе Љубан, Стајчић Душана Милан, Стајичић-Кавржич Ђуре Ранка, Стаменић Ђуре Радован, Стефановић Власимира Ђорђе, Стојановић Чеде Дико, Сворцен Обрада Радмила, Шаренац Ђоке Љубомир, Шаренац Јована Радован, Шебић Ђурђа Петар, Шеховић Мује Рамиз, Шијаковић Милана Раде, Шкалер-Стевановић Петра Стана, Шкорић Данила Никола, Шкрбо Ибре Хивзо, Штумпф Ловре Бранислав;

Тановић Душана Спасоје, Тојага Шабана Мухамед, Томић Николе Иван, Товиловић Душана Саво, Трбојевић Петра Марко, Требињац Мухамеда Кемал, Трогрлић Иве Анто, Тураљанић Радована Мара, Вадић Стеве Миливоје, Варупа Ибрахима Бечир, Васиљ Јуре Стипе, Вујадиновић Радослава Бранислав, Вујновић Луке Ружа, Вујовић Шпире Гојко, Вук Хусе Смајо, Вуковић Николе Бранко, Вуковић Мирка Душан, Вуковић Анте Илинка, Вуковић Јована Милорад, Вуковић Трифка Обрен, Заимовић Ахме Јусуф, Затрић Рахида Ђемо, Злопаша Станка Мирко, Зовко Ивана Ивица, Зукановић Омера Смаил, Женерал Јосипа Миливоје, Жижак Ивана Анто, Жуљевић Анте Иво;

— за заслуги и постигнати успеси во работата на општонародната одбрана

СО МЕДАЛ ЗА ВОЕНИ ЗАСЛУГИ

Бабић Владе Светко, Бакалар Ивана Божо, Башић Тоше Војин, Бегановић Ахмета Јакуб, Бојић Саве Јово, Будимлија Смаје Салко, Цицовић Неђе Јово, Дрљача Триве Божо, Думан Хасана Захир, Џамбић Алије Мухарем, Џемиџић Емина Захид, Ђајић Данке Ненад, Елезовић Мехе Едхем, Гагула Назифа Сулејман, Гусковић Анте Звонко, Хамзић Меде Узеир, Хоџић Авде Идриз, Илић Јове Мирослав, Имамовић Арифа Ибрахим, Јагањац Зајке Решад, Јашаревић Шерифа Мидхат, Јокић Туње Стјепан, Крзовић Исмета Намик, Лауц Јуре Фрањо;

